*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5363/**

# З А П И С Н И К

**Од 168.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 29.10.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Марјан Цветковски-Директор на МРТ, Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ, |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата, 168.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои следниов Дневен ред и продложи да работи по истиот.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година:
   -програма за работа за 2022 година,
   -финансиски план за 2022 година.

2. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година:**

**-програма за работа за 2022 година,**

**-финансиски план за 2022 година.**

Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац ја отвори расправата по оваа точка и на почетокот му даде збор на членот Гајур Рамадани.

Членот Гајур Рмадани истакна дека заедно со членовите Илир Рамадани и Селпин Керим доставиле Забелешки за Годишната програма за работата на ЈРП МРТ за 2022 година.

Гајур во продолжение дополни дека Предлог програмата на Вториот програмски сервис на МТВ која ни беше доставена на разгледување и усвојување на 167-мата седница на Програмскиот совет на ден 28.10.2021, за која се водеше исцрпна расправа и по истата имаше доста забелешки, не беше прифатена од страна на 5 члена од Програмскиот совет на МРТ.

Со цел да се усвои Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2022 година, а воедно постапувајќи и по предлогот произлезен од 167.седница, за доставување забелешки од страна на членовите на Програмскиот Совет на МРТ кои гласаа против усвојување на Финансискиот план на МРТ за 2022 година, сметаме дека:

Предлог програмата на Вториот програмски сервис,начелно,ни оддалеку не ги задоволува очекувањата и потребите на гледачите и години наназад не нуди нови артактивни емисии и содржини, а на минимум е сведен и бројот на продукциските и копродукциските емисии.

Затоа, ви ги доставуваме следните забелешки и барања:

- Предвидената програма за Вторитот програмски сервис за 2022 г. да се реализира во целост и во од да се направат напори да се збогати со нови атрактивни емисии и содржини;
- Програмата за 2022 година не нуди конкретни договорени емисии и проекти од продуценти и копродуценти, па затоа бараме предвидените коптодукциски проекти да се реализираат според предвиденото;
- Програмата на Вториот програмски сервис да се ажурира со листата на склучените договори кои беа истакнати на самата седница, до овој програмски период, со име, наслов и продукција;
- Во графата за копродукциски проекти да се тргнат речениците кои остават сомнеж за нивна реализација, да се бришат сите реченици и зборови со кои се остава простор за натамошно оправдување на евентуало нереализирање на проектите, односно втората колона од табелата;
- Останатите финансиски средства за копродукција за 2022 година, кои не се зафатени со досегашните програмски предвидувања, а се во мал процент, да се наменат за подобрување на Програмата на Вториот програмски сервис и за копродукциски и продукциски проекти за оваа програма;
- Бидејќи програмата може да претпи измени кон подобривање ви идниот период, потребно е да се обезбеди квалитетна купена програма;
- Во скоро време, да се одржи посебна седница на Програмскиот совет на која на дневен ред ќе биде расправата за сегашната состојба со Програмата на Вториот програмски сервис и идните можности и предвидувања за квалитетни емисии и содржини.

Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија истакна дека го разгледал новиот дополнет документ и увидел дека има уште недостаоци, и смета дека нема да ги задоволи потребите на МТВ2 согласно Стратегијата за развој на МРТ и сеуште има условени проекти.Според анализите што успеав да ги направам во Програмскиот план за 2022 година за МРТ, особено за сервисот МРТ1 и МРТ2, морам да кажам дека сум задоволен од МРТ1, конкретно од разновидноста на програмите и надворешните програми - копродукции. МРТ1 успеа во Програмскиот план за 2022 година да има 14 копродукции, доволни за исполнување на програмите согласно Стратегијата што ја одобривме пред неколку месеци. Во меѓувреме, во МРТ2 гледам само 1 копродукција, додека во 8 други проекти, истакнати во текстот на

Програмскиот план, пишува „евентуално“, „доколку се јавува некаква продукција“..., без да се даде конкретно објаснувања дека ќе се реализираат или не. Исто така, во 6 други проектни програми пишува „ако се дозволат вработувања“. Оттука произлегува дека исполнувањето на овој Програмски план не е сигурно, бидејќи и минатата година имавме исти дебати. За Програмскиот план за 2020 година, имавме истакнато многу забелешки особено со МРТ2, бидејќи околу 12 планирани проекти не беа емитувани, иако беа поминати во Програмскиот план. Мислам дека е несериозно со „евентуално“ и „ако се јавува некаква продукција“... да се поддржи Програмскиот план. Значи, со оглед на тоа што може да се појават ситуации од претходните години, ќе гласам ПРОТИВ. Дополнително, мислам дека и предложените измени на Програмскиот план кога станува збор за евентуални подобрувања, не држат. Тоа е затоа што речиси 90% од средствата наменети за програмата се потрошени-резервирани со веќе потпишани договори. Така, од последните информации на службите на МРТ, за копродукции веќе се резервирани над 1.071.000 евра, а остануваат само 327 илјади евра (зборуваме за цела 2022 година). Од средствата „Останати програмски права“ веќе се потрошени-резервирани 830.000 евра, додека за цела година останаале само 137.000 евра. Горонаведените суми покажуваат дека и да постои волја од раководството остатокот од средствата да оди за МРТ2, не може да има длабоки промени на Програмскиот план, поточно подобрување на програмата во МРТ2. Бидејќи, знаејќи ги потребите за програми, преостанатите средства нема да бидат доволни ниту за два сериозни проекти. А, ветувањето дека: „преостанатите средства ќе бидат наменети исклучиво за МРТ2“, ми изгледа многу несериозно и лажно ветување, бидејќи речиси иста дебата имавме изминативе две-три години.

Членот на советот Анита Латифи истакна дека при разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на МРТ за 2022 година ќе гласа против, затоа што:

Предлог програмата за работа на Вториот програмски сервис на Македонската Телевизија за 2022 година која според наведеното е концепирана во согласност со програмските видувања на програмските уредници на МТВ2 и според актуелните кадровски капацитети не ги задоволува потребите на гледачите на јавниот сервис.

Од започнувањето на емитување на 24 часовна програма на Вториот програмски сервис на МТВ, не е направено ништо во правец на пополнување на неопходни кадровски капацитети за прозводство на програма, од една страна и воедно не е обезбедена програма од надворешни продукции за програмски содржини за корегирање на ваквата состојба, од друга страна.

Програмските содржини содржани во Годишната програма со експликација „Од новите договори пријавени од повикот за купување на програма од надворешни продуценти за 2022 год„ не кореспондираат со Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година.

Снежана Клинчарова пред приосутните истакна дека ги разгледала предложените измени на Програмата за разбота на ЈРП МРТ за 2022 година, поднесени од тројцата членови, и притоа даде една забелешка во однос на точката 6 од предложените измени во која во продолжение би се додало „...и да се обезбеди преведувач или преведувачи“. Исто така посочи дека во програмата за втор програмски сервис веќе се внесени 4 копродукции и 12 надворешни проекти.

Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац по расправата ја стави на гласање Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година составена од Програма за работа за 2022 година и Финансиски план за 2022 година со доставените предлози и забелешки.

■**Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година составена од Програма за работа за 2022 година и Финансиски план за 2022 година** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**2** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година **е усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

По гласањето на Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година, заменик Претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија предложи **Заклучок**:
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да ги достави на увид до Програмскиот совет на МРТ Договорите за копродукција, кои се потпишани во периодот 2021/22 година.
-Заклучокот беше усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ

**ТОЧКА 2:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред членот Анита Латифи побара образложение зошто барањето за согласност за нови вработувања е доставено до Министерство за финансии на 02.07.2021 година.
Директорот објасни дека тоа е доставено уште во 2020 година но,поради тоа што ни ги враќале на одредени корекции,ова тука е последното искорегирано и доставено како последно на 02.07.2021 година.

Седницата заврши во 12:40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател